Врз основа на член 22 став 1 и член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ” бр.5/02 и „Службен весник на РСМ” бр.202/24) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола” бр.10/05, 17/08, 8/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Советот на Општина Битола на седницата одржана на 29.12.2025 година донесе

# ПРОГРАМА
## за субвенционирање на области согласно надлежностите на општина Битола по член 22 од Законот за локалната самоуправа за 2026 година

### I.ВОВЕД

Општина Битола како единица на локалната самоуправа активно го поддржува и промовира остварувањето на правото на локалната самоуправа како уставно загарантирано право на граѓаните на подрачјето на општина Битола.

Правото на локална самоуправа е и меѓународно загарантирано право согласно Европската повелба за локална самоуправа, донесена на 15 октомври 1985 година во Стразбур од Советот на Европа.

Предмет на Програмата за субвенционирање на области согласно надлежностите на општина Битола се целосно или делумно субвенционирање на надлежностите согласно член 22 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/24).

Со оваа Програма генерално се утврдуваат основите на остварувањето на право на субвенции на физички и правни лица.

### I.1 ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Потребата од донесување на оваа Програма произлегува од овозможување на граѓаните активно да придонесат и да се вклучат во непосредното остварување на правото на локалната самоуправа.

Правото на локалната самоуправа се подразбира како право и способност на локалните власти, во границите на закон, да ги регулираат и да раководат со јавните работи, врз основа на сопствената одговорност и во интерес на локалното население. Тоа значи дека на органите што ги избрале граѓаните дадено им е правото да донесуваат прописи со кои ќе го регулираат начинот на извршување на јавните работи.

Една од главните цели на оваа Програма е и подобрување на квалитетот на живот на граѓаните на подрачјето на општина Битола преку олеснување на пристапот до одредена категорија на јавни добра и услуги.

## I.2 ЦЕЛ НА ПРОГРАМАТА

Програмата има цел за постигнување и остварување на сите законски загарантирани права согласно член 22 од Законот за локалната самоуправа преку субвенционирање, а особено на следните цели:

- Ефективно и ефикасно остварување на правото на локална самоуправа;
- Подеднаков развој на урбаните и руралните средини;
- Еднаков пристап до општинскиот линиски превоз за граѓаните и од урбаните и од руралните средини;
- Овозможување на остварување на уставно и законски загарантираното право на основно и средно образование на учениците;
- Заштитата на животната средина и природата - мерки за заштита и спречување од загадување на водата, воздухот, земјиштето, заштита на природата, заштита од бучавата и нејонизирачкото зрачење
- Локалниот економски развој - планирање на локалниот економски развој; утврдување на развојните и структурните приоритети; водење на локална економска политика; поддршка на развојот на малите и средните претпријатија и на претприемништвото на локално ниво и во тој контекст, учество во воспоставувањето и развојот на локалната мрежа на институции и агенции и промовирање на партнерство;
- Еднаков пристап до комуналните дејности и услуги за сите корисници на јавни услуги (физички и правни лица);
- Институционална и финансиска поддршка на културните установи и проекти;
- Развој на спорт и рекреативни активности и
- Други области согласно закон.

## I.3 НАЧИН НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Доделувањето на субвенциите, односно процентуалното учество на општината при набавувањето на одредени добра, стоки, јавни услуги и работи од јавен интерес од локално значење ќе се реализира преку објавување на јавни повици, донесување на Одлуки или Правилници од страна на Советот на општина Битола или други соодветни акти.

Јавните повици ќе бидат објавени на веб-страната на општината и на огласна табла. Поднесените барања ќе бидат разгледани од соодветна комисија формирана или од Советот или од Градоначалникот на општина Битола.

## I.4 ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Програмата за субвенционирање на надлежностите согласно Законот за локална самоуправа ќе се врши преку Буџетот на општина Битола за 2026 година.

Ставките кои се предвидени во Буџетот за 2026 година се следните:

- 421440 – Програма Е0 – Транспорт на луѓе – до 3.000.000,оо денари
- 464990 – Програма G1 – Развој на туризмот – до 5.000.000,оо денари

## II.ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Измени и дополнувања на Програмата можат да се вршат во секое време согласно тековните потреби на граѓаните и општината.

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Битола”.

Бр. 09-137/50
29.12.2025 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Бојан Бојкоски